RISE
REGIONAL INCUBATOR FOR SOCIAL ENTREPRENEURS



# РЕГИОНАЛНА СТУДИЈА И УПАТСТВА

## ЗА СОЦИЈАЛНОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН

**Конзорциумот RISE (Регионален инкубатор за социјални претприемачи) ја објавува својата регионална студија и насоки за социјално претприемништво на Западен Балкан**

Развиен и спроведен од двајцата истражувачи, Тео Петричевиќ и Јелена Анѓелиќ, и координиран од конзорциумот RISE, документот ги обезбедува најновите, релевантни и концизни информации за моменталната состојба на социјалното претприемништво и младинското претприемништво на Западен Балкан. Документот се фокусира на политичката и правната рамка, образовните системи, структурите за финансиска и не-финансиска поддршка, иницијативите за вмрежување, новите пазари на социјални претпријатија во регионот.

### Документот се состои од два дела:

**1**

1) СТУДИЈА која обезбедува релевантни податоци за состојбата на социјалното и младинското претприемништво во регионот воедно и научените лекции од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Црна Гора, Северна Македонија и Србија;

**2**

2) УПАТСТВА за екосистем на социјално претприемништво, граѓански организации и креатори на политики што ги опишуваат потребите и компетенциите за младинско социјално претприемништво и препораки за делување кои се засновани на научените лекции од студијата.

## НЕКОИ ОД НАЈЗНАЧАЈНИТЕ ОТКРИТИЈА ОД ДВАТА ДЕЛА СЕ СЛЕДНИВЕ:

- 2/3 од Владите на Западен Балкан не усвоија официјална дефиниција за социјално претприемништво, како и специфично законодавство за социјалните претпријатија;

- Во регионот на Западен Балкан нема специфична правна форма за социјалните претпријатија; тие претежно работат со користење на правна форма на здружение, задруга или друштво со ограничена одговорност;

- Во секој од регионите на Западен Балкан има најмалку три национални чинители кои дизајнираат и спроведуваат специфични програми за поддршка на млади и/или социјални претприемачи. Приватните структури за поддршка и програмите сè сеуште кревки и неодржливи без финансиска поддршка од трети страни;

- Низ целиот регион, претприемништвото се воведува во програмите за основно и средно образование, а во некои случаи и во терцијарно образование. Од друга страна, во наставните програми недостасува цел за развој на претприемачкиот начин на размислување и фокус на практикчната примена на вештини;

- Можностите за финансирање се претежно во форма на грантови и почетен капитал; дури и ако мрежите на бизнис ангели и други приватни инвеститори се активни во развојот на претприемништво во некои од шесте региони на Западен Балкан, нема солидни програми или примери за приватни инвестиции во социјални претпријатија;

- Во повеќето случаи, пошироката јавност не го разбира концептот на социјално претприемништво и нема стратешки и специфични програми или активности за подигање на свеста;

- Младите претприемачи се мотивирани од чувството за слобода и независност и можноста да направат промена, да научат и да стекнат вредно работно искуство;

- Бројни успешни социјални претпријатија можат да бидат претставени како примери во регионалниот екосистем.

RYCO GROUPE SOS PULSE SEEYN INSTITUT FRANÇAIS OFAJ DFJW

Студијата е финансирана од Француската Агенција за развој и Регионалната Канцеларија за Младинска Соработка РИКО преку регионалниот проект RISE имплементиран од РИКО, GROUPE SOS Pulse, SEEYN, OFAJ и Францускиот Институт.

AFD

*Ваквото определување е без оглед на статусот и истото е во согласност со Резолуцијата 1244/1999 на Советот за безбедност на Обединетите нации и мислењето на Меѓународниот суд на правдата во врска со декларацијата за независност на Косово.*